**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” -Скопје**
**Филозофски факултет**

Врз основа на Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2025/2026 година (бр. 02-1092/11 од 16.9.2025 г.), и Интерниот оглас за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година (бр.09-1149/1 од 25.9.2025 г.), Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува

# И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С
## за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година

1. Со интерниот оглас се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестар на прв циклус на студии, освен студент кој го запишува последниот семестар по втор пат и повеќе, во учебната 2025/2026 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;
   - починат родител, или
   - родител кој го загубил родителското право.

3. Постапката ќе ја спроведува Комисија формирана од страна на Деканот на Филозофскиот факултет.
4. Апликантите, **најдоцна до 14.10.2025 година (вторник) до 16 часот** на следнава електронска адреса **interenoglas@fzf.ukim.edu.mk** треба да достават пријава во која ќе наведат
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

5. Со **Пријавата** апликантите, во ПДФ формат, ги доставуваат и следниве документи:
   - потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
   - Уверение за остварени приходи од УЈП на кандидатот и на членовите на семејството

- Лична изјава за бројот на членови на семејството
- Изјава за користење на лични податоци
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од Центарот за социјални работи,
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или
- за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

6. Пријавата која ќе се достави после рокот или која нема да ги содржи потребните документи од точка 4 и точка 5, Комисијата ќе ја отфрли и нема да ја разгледува. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител ќе се изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати (согласно чл. 5 од Одлуката). Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година поодделно. Ранг - листите се објавуваат на интернет страницата на факултетот најдоцна до 20.10.2025 година.

7. Апликантите имаат оправо на приговор по објавените ранг- листи најдоцна до 28.10.2024 година до 15 часот. Приговорот се доставува само преку архивата на факултетот. Комисијата на факултетот ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листа на добитници на погодноста за намалување на уписнината.

8. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува **најдоцна до 8.11.2025 година**.

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ**